

# ЛОГИСТИКА СО СТРАСТ

## ESG ИЗВЕШТАЈ

## Translог ДООЕЛ

Скопје, Република Северна Македонија

ESG извештај за 2024 година

www.translog.mk
TRANSLOG
TRANSPORT & LOGISTIX
logistics ♥ with


E
ENVIRONMENT
Biodiversity loss
Climate change
Renewable energy
Reduced carbon emissions
Green building
Deforestation
Native title
Pollution
Reduced waste
S
SOCIAL
Diversity, inclusion, race, gender
Human rights, modern slavery
Supply chains
Anti-discrimination
Bullying, harassment
First Nations people, cultural heritage
Health and safety
Data privacy
G
GOVERNANCE
Risk mitigation
Shareholder activism
Anti-bribery, corruption
Accountability
Board independence, diversity
Decision-making
Leadership

## *СОДРЖИНА*


ВОВЕДЕН ЗБОР НА НАШИОТ ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР------------------------------ 4

ЗА НАС-----------------------------------------------------------------------------------------5

СЕКОГАШ ТАМУ, СЕКОГАШ ПРВИ ----------------------------------------------------5

ЛОГИСТИКАТА Е НАШ БИЗНИС И СТРАСТ -------------------------------------------5

ОПТИМИЗИРАНИ РЕШЕНИЈА И ЗАДОВОЛСТВО НА КЛИЕНТИТЕ ----------- 6

ПОСВЕТЕНОСТ НА РАСТ И ОДРЖЛИВОСТ ------------------------------------------6

ОБЛАСТИ И СИСТЕМИ НА ДЕЛУВАЊЕ -----------------------------------------------6

ВОЗЕН ПАРК ЗА ЗА ОДРЖЛИВО ДИСТРИБУИРАЊЕ ------------------------------7

СЕОПФАТНИ УСЛУГИ --------------------------------------------------------------------7

КОНТЕЈНЕРСКИ ТРАНСПОРТ ------------------------------------------------------------7

ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ -------------------------------------------------------------------8

КАМИОНСКИ ТРАНСПОРТ ----------------------------------------------------------------8

ЛОГИСТИКА-----------------------------------------------------------------------------------8

ФОКУС НА ЗАДОВОЛСТВО НА КЛИЕНТИТЕ ---------------------------------------- 8

ОДНОСИ СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ И НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА ----- 9

***Животна средина*** -----------------------------------------------------------------------10

НАША ВИЗИЈА ЗА ПОЗЕЛЕНА ИДНИНА ----------------------------------------------11

ОДРЖЛИВОСТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА -------------------------------------------11

НАША ПОСВЕТЕНОСТ КОН ЕКОЛОШКИТЕ ЦЕЛИ -----------------------------------11

КРАТКОРОЧНИ ЕКОЛОШКИ ПЛАНОВИ И ЦЕЛИ -----------------------------------11

ДОЛГОРОЧНИ ЕКОЛОШКИ ПЛАНОВИ И ЦЕЛИ-------------------------------------11

НАШАТА ПОСВЕТЕНОСТ КОН ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА --------12

НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАСТИЧЕН ОТПАД ----------------------------------------------12

ЕМИСИИ НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ ---------------------------------------------------13

ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ -------------------------------------------------------------13

РАЦИОНАЛНА ПОТРОШУВАЧКА НА ВОДА ------------------------------------------14

УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ ----------------------------------------------------14

УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД ------------------------------------------------------15

АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СПРОВЕДЕНИ ВО 2024 ГОДИНА ---------------------------------------------------------------------------15

КЛУЧНИ ОДЛУКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО 2024 ГОДИНА ------------------------------------------------------------------------------------------- --------16

ОДЛУКА ЗА ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА -------------------------------- 16

ОДЛУКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ПЛАСТИКА И УПРАВУВАЊЕ СО ПЛАСТИЧНИОТ ОТПАД ---------------------------------------------16

ОДЛУКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ФАКТУРИ--------------------------- 17

ОДЛУКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА CO2 ------------------------------- 17

ЗАКЛУЧОК ------------------------------------------------------------------------------18

***Општествена одговорност***--------------------------------------------------19

ЗАЛОЖБА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ------------------------------20

ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ НА ТРАНСЛОГ----------------------------------------20

ВРАБОТЕНИТЕ И НИВНАТА РАБОТНА ПОЛОЖБА ------------------------ 21

ВРАБОТЕНИТЕ КАКО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ------------------------------------21

СТРУКТУРА И РАБОТЕН ПРОФИЛ НА ВРАБОТЕНИТЕ -------------------- 21

ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ----------------------------------------22

КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ----------------------- 22

ПЛАНОВИ ЗА КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ----- 23

РОДОВА ЕДНАКВОСТ ---------------------------------------------------------------23

ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО --------------------------------------24

БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ ---------------------------------24

ПОЛИТИКА И СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ ----------------------------------24

***Управување*** -----------------------------------------------------------------------26

МЕНАЏМЕНТ НА КОМПАНИЈАТА -----------------------------------------------27

ВОСТАВУВАЊЕ НА МОДЕРНИ УПРАВУВАЧКИ СТРУКТУРИ ------------ 27

КОРПОРАТИВНА СТРУКТУРА НА УПРАВУВАЊЕ НАСОЧЕНА КОН РАСТ --------------------------------------------------------------------------------28

УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА НА НАШИТЕ КОМПАНИИ ------------------- 29

УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК ----------------------------------------------------------29

АНТИКОРУПЦИСКА СТРАТЕГИЈА И АКЦИИ ---------------------------------30

ЕТИЧКИ КОДЕКС ----------------------------------------------------------------------30

ОДГОВОРНОСТ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА РАБОТНИТЕ ОБВРСКИ ------ 31

ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СПОРЕД ESG ПРИНЦИПИТЕ ------------------31

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВА УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА------ 32

ESG СТРАТЕГИИ И МЕНАЏМЕНТ ------------------------------------------------32

ОДРЖЛИВО БИЗНИС ИЗВЕСТУВАЊЕ - ESG ИЗВЕСТУВАЊЕ ------------- 33

ЗАКЛУЧОК-------------------------------------------------------------------------------33

**РЕФЕРЕНЦИ**--------------------------------------------------------------------------35

ПРЕГЛЕД НА ESRS СТАНДАРДИТЕ -----------------------------------------------35

ЕКОЛОШКИ СТАНДАРДИ ------------------------------------------------------------35

ОПШТЕСТВЕНИ СТАНДАРДИ-------------------------------------------------------35

СТАНДАРДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ-----------------------------------------------------35

МЕЃУСЕКТОРСКИ И ТЕМАТСКИ СТАНДАРДИ-----------------------------------36

БАРАЊА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИИ------------------------------------36

ПРЕОДЕН ПЕРИОД ---------------------------------------------------------------------36

## ВОВЕДЕН ЗБОР НА НАШИОТ ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

*Логистиката не е само наша работа – таа е наша страст и начин на живеење. Во Транслог ДООЕЛ посветени сме на помагање на другите,на развивање на нашата компанија и на унапредување на вештините на нашиот тим.Во деловниот свет сме препознатливи како професионална и флексибилна компанија водена од динамичен тим на млади, но искусни професионалци.*

*Нашата младост носи јасна визија,способност за прилагодување и енергија да ги прифатиме современите трендови поттикнувајќи позитивни промени. Преку нашата работа, ние растеме , додека ги охрабруваме и другите да успеат.*

**„Се стремиме да создадеме можности, да прифатиме предизвици и да поттикнеме раст – како за нашите клиенти, така и во рамките на нашата компанија.“**

*Нашаето патување започна во 2008 година со основањето на Транслог. Во изминатите 15+ години,поставивме насока за стабилен раст во патната,железничката,поморската и авионската логистика, градејќии го нашиот бренд како препознатливо име во регионот на кое целосно може да му се верува. Транслог стана синоним за стабилност, организација и сигурност.*

*Денес сме горди на нашата посветеност кон одржливиот развој – грижата за луѓето, општеството и животната средина. Додека продолжуваме да се развиваме, се грижиме нашите вработени да напредуваат, заедниците да имаат придобивки, а нашата планета да биде заштитена. . Овој пристап нè позиционира како сигурен деловен партнер, ценет соработник и стабилен систем за поддршка.*

*Кога за првпат го воведовме нашиот иновативен пристап кон логистиката, се соочивме со скептицизам. Сепак, откако клиентите се уверија во квалитетот на нашите услуги и посветеноста на решавањето на нивните предизвици , брзо ја препознаа вредноста на нашите методи. Нашиот тим е стручен,, високо обучен и целосно посветен на обезбедување персонализирани услуги, оптимизација на трошоците и намалување на времето за транспорт ,без притоа да прави компромис во однос на квалитетот.*

**„Нашето работење е усогласено со европските стандарди и принципите на одржлив развој на Обединетите нации. Активно работиме на намалување на емисиите на јаглерод и постигнување јаглеродна неутралност во блиска иднина.“**

*Со години ги исполнуваме, но дури и ги надминуваме очекувањата на нашите клиенти, стекнувајќи ја нивната доверба преку континуирани резултати. Задоволството на среќен клиент или враќањето на лојален клиент нè потсетува зошто ја работиме оваа професија.*

*Во свет на постојани промени, се издвојуваме со тоа што обезбедуваме навремени и точни информации за секој аспект од пратките на нашите клиенти. Ова ниво на грижа ја прави нашата услуга навистина единствена. Транслог е совршен партнер за компании кои бараат професионална и посветена логистичка поддршка. Нашата амбиција не е само да бидеме добар , туку најдобар избор за*

*транспортни и логистички услуги. Доволно сме големи за да понудиме врвни, професионални решенија, но сепак доволно мали за да го задржиме персонализираниот пристап, директната комуникација, флексибилноста и длабокото разбирање на потребите на секој клиент.*

*Нашата визија е јасна: да останеме сигурен и доверлив партнер и да станеме водечки логистички оператор на регионалните пазари.Со примена на иновативни методи и обезбедување услуги од највисок квалитет, целиме кон поставување нови стандарди за квалитет и ефикасност. Создаваме можности, прифаќаме предизвици и поттикнуваме раст – како за нашите клиенти, така и за нашата компанија.*

*Во исто време,свесни сме за нашата одговорност кон животната средина и општеството. Нашето работење е усогласено со европските стандарди и со принципите на одржлив развој на Обединетите нации. Активно работиме на намалување на емисиите на јаглерод диоксид и постигнување јаглеродна неутралност во блиска иднина.*

*Во духот на оваа заложба, со гордост го претставуваме нашиот ESG извештај за 2024 година, кој ги опишува нашите иницијативи и напредок во насока на одржлива иднина. Ова е нашиот прв извештај посветен на одржливиот развој, што претставува важна пресвртница во нашето патување.*

*Во Транслог, не сме фокусирани само на постигнување деловен успех – посветени сме на изградба на подобра иднина. Инвестираме во нашите вработени, ги поддржуваме локалните заедници и се грижиме за за животната средина, истовремено стремејќи се кон совршенство во сè што правиме.*

***Викторија Алексиевски-Смичковска***
*Извршен директор*

## ЗА НАС

### СЕКОГАШ ТАМУ, СЕКОГАШ ПРВИ – ПОСВЕТЕНИ НА ВАС, НАШИТЕ ЦЕНЕТИ КЛИЕНТИ

Без разлика на времето или предизвиците, ние сме тука за да ви бидеме на услуга. За нас, барањата на клиентите и тешките времиња се можности за иновации и напредок. Во секоја сложена ситуација откриваме нови патишта, градиме партнерства и создаваме можности. Предизвикувачките времиња ги делат смелите и способните од останатите. Додека обичните времиња носат предвидливост, ние напредуваме во сите услови - на патишта, во воздух, на море или на железничките линии. Пречките се едноставно предизвици што треба да се надминат додека сигурно и ефикасно ги доставуваме вашите пратки и транспортираме стоки. Се прилагодуваме и успеваме во секоја средина бидејќи нашата визија е јасна - одржлив раст. Со исполнување на вашите потреби и посветеност на нашите цели, обезбедуваме иднина што носи придобивки за сите - нашите клиенти, вработените и општеството.

---

### ЛОГИСТИКАТА Е НАШ БИЗНИС И СТРАСТ

Од 2008 година неуморно ги поминуваме патиштата низ Северна Македонија и Европа. Со текот на времето, го проширивме нашиот спектар на услуги, што ни овозможи успешно да нудиме копнен, поморски, речен и железнички транспорт. Со речиси две децениско успешно работење , изградивме стабилен систем кој континуирано го унапредуваме и развиваме , проширувајќи ги нашите активности и географските подрачја во кои делуваме. Овој раст оди „рака под рака“ со одржливиот развој, обезбедувајќи стабилност и јасна визија за идните

активности во согласност со еколошката рамнотежа. Овој пристап создава додадена вредност за нашите компании и видливи придобивки за нашите вработени, нивните семејства и заедницата. На сите наши клиенти можеме да им понудиме професионални услуги кои ги задоволуваат највисоките светски стандарди во оваа област. Нашите вработени поседуваат експертиза и висок степен на професионалност, прилагодувајќи се на специфичните потреби и барања на клиентите. Ваквиот пристап ја подига логистичката услуга на повисоко ниво, овозможувајќи им на нашите тимови да обезбедат персонализирани решенија според индивидуалните потреби и можности на секој клиент.

## ОПТИМИЗИРАНИ РЕШЕНИЈА И ЗАДОВОЛСТВО НА КЛИЕНТИТЕ

Нашите персонализирани услуги постигнуваат совршен баланс помеѓу трошоците, времето на транспорт и преференциите на клиентите. Приоритет ни е оптимизацијата на трошоците , но без компромис во квалитетот на услугата. Брзината, капацитетот, учтивоста и професионалноста секогаш се во служба на квалитетот на услугата што ја нудиме. Задоволството на клиентите е наш водечки принцип во секој сегмент од работењето. Од суштинско значење ни е клиентот не само да биде задоволен од квалитетот на услугите,туку и да почувствува дека добил вредност за својата инвестиција. Ова го постигнуваме преку фокусираност, посветеност и примена на иновативни методологии и процедури.

## ПОСВЕТЕНОСТ НА РАСТ И ОДРЖЛИВОСТ

Уште од првиот ден на нашето работење, водени сме од визијата за континуиран раст и постојано унапредување на квалитетот. Ова начело е длабоко втемелено во сите вработени ,одразувајќи ја основачката визија на нашите компании. Со текот на времето, оваа визија доби појасна форма, насочена кон одржливи деловни практики. Денес, одржливоста е приоритет во нашето секојдневно работење. Нашата цел е да работиме профитабилно, но и одговорно-заштитувајќи ги нашите вработени, нивните семејства, заедницата и, пред сè, животната средина. Активно придонесуваме кон создавање одржлива иднина преку конкретни активности и мерки кои го подобруваат квалитетот на животот на сите вработени и нивните семејства.Со усогласување на нашето работење со европските стандарди и примена на напредни процедури, ние ги следиме принципите на одржлив развој кои што се декларирани од страна на Обединетите нации. Во рамки на нашите редовни активности, настојуваме да ги намалиме емисиите на јаглерод и да постигнеме јаглеродна неутралност во блиска иднина. Оваа посветеност дополнително се потврдува преку нашиот ESG (Environmental, Social and Governance) извештај за 2024 година, кој сведочи за одговорно и за одржливо работење.

## ОБЛАСТИ И СИСТЕМИ НА РАБОТЕЊЕ




Нашиот деловен систем вклучува две компании, основани од исти сопственици со заедничка визија и концепт на работа. Овие компании се надополнуваат,се подржуваат и

меѓусебно соработуваат во рамки на различни задачи,обезбедувајќи висококвалитетен професионален транспорт и логистички услуги:

**Транслог ДООЕЛ Скопје:** Основана во 2008 година, оваа матична компанија обезбедува континуирани транспортни и логистички услуги низ Северна Македонија и Европа. Останува посветена на исполнување на потребите на клиентите преку иновативни решенија и постојан квалитет на услугата.

**Транслог Експрес ДООЕЛ Скопје**: Основана на 1 септември 2015 година со цел да го прошири нашето портфолио и да одговори на растечките барања на клиентите, оваа компанија се фокусира на дистрибуција и дополнителни транспортни услуги.

ВОЗЕН ПАРК ЗА ОДРЖЛИВО ДИСТРИБУИРАЊЕ

Обезбедивме возен парк составен од еколошки возила кои одговараат на високите еколошки стандарди, вклучувајќи ниски емисии на $CO_2$ . Овие возила се користат за различни дистрибутивни и испорачувачки активности, со посебен акцент на одржливите практики:




- **Volkswagen Crafter: 14 m³ товарен простор / 1200 kg носивост (5 возила)**
- **• Citroën Berlingo: 4 m³ товарен простор / 879 kg носивост**
- **• Mercedes Sprinter: L/XL, 14 m³ товарен простор / 1000 kg носивост (2 возила)**
- **• Peugeot Boxer: 17 m³ товарен простор / 1200 kg носивост**
- **• Iveco Eurocargo: Мал камион (Пикап возило) 42 m³ / 4500 kg носивост**
- **• Scania R450: 4 нови возила со Euro 6 стандард**
- **• Iveco Eurocargo: Мал камион (Пикап возило) , 42 m³ / 4500 kg**




Посветеноста на одржливоста гарантира дека нашите логистички услуги се насочени кон иднината, исполнувајќи ги највисоките стандарди за квалитет, ефикасност и еколошка одговорност.

---

СЕОФАТНИ УСЛУГИ

Нашите услуги вклучуваат:



КОНТЕЈНЕРСКИ ТРАНСПОРТ

Обезбедуваме врвни FCL (целосно оптоварување на контејнер) услуги во соработка со водечките светски бродски компании ширум светот, покривајќи ги сите главни рути. Нашите услуги ги вклучуваат

регионалните пристаништа како Копер, Риека, Плоче, Бар, Драч, Солун, Варна и Бургас. Дополнително, соработуваме со водечките светски превозници како MSC, CMA, COSCO, MAERSK, ARKAS и други. Нашите услуги за контејнерски транспорт не се ограничени само на поморски и океански превоз; обезбедуваме и целосен спектар на други услуги, вклучително и испорака „врата-до-врата“.Обезбедуваме ефикасен копнен транспорт на секој контејнер со камион или железница до неговата крајна дестинација.

ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ

Од 2016 година, на нашите клиенти им нудиме услуги за воздушен транспорт ширум светот. Овие услуги ги обезбедуваат високо квалификувани професионалци со долгогодишно искуство. Имаме воспоставено партнерства со реномирани авиокомпании на глобално ниво , како и со сите компании што оперираат од Скопје и од регионалните аеродроми.. За клиентите кои имаат специфични барања организираме чартер карго летови.

КАМИОНСКИ ТРАНСПОРТ

На клиентите кои имаат потреба од камионски транспорт, без разлика дали станува збор за збирен или целосен товар обезбедуваме услуги со највисок квалитет. Овие услуги ги обезбедуваме во соработка со локални и регионални транспортни компании. Одржувајќи постојана комуникација со овие компании, секогаш располагаме со точни информации за расположливиот капацитет на камионите и за локациите на празните или натоварените камиони. Преку овие услуги, секогаш се стремиме да ги задоволиме потребите на секој клиент и да ги исполниме сите негови барања и желби. Услугите за транспорт со камиони исто така вклучуваат и контејнерски транспорт од и до сите регионални пристаништа, како и транспорт со стандардни камиони и камиони-ладилници.

ЛОГИСТИКА




Логистичките услуги, заедно со претходно споменатите, претставуваат значаен сегмент од нашето деловно работење. Како што растат потребите на клиентите, така го прошируваме и нашиот опсег на услуги. Развиваме и испорачуваме функционални и прилагодени логистички решенија за секој клиент. Со истата посветеност и професионалност обезбедуваме услуги за проектна и изложбена логистика, пакување, складирање, управување со нарачки, осигурување, царинско посредување и други поврзани услуги.

---

ФОКУСИРАЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КЛИЕНТИТЕ

Во срцето на нашето работење е задоволството на клиентите. Нудиме персонализирани услуги, со оптимизирање на трошоците, времето на испорака и специфичните барања на клиентите. Нашиот иновативен пристап обезбедува врвен квалитет на услугата, поддржан од тим на искусни професионалци. Од првиот ден, визијата на нашиот основач за одржливо, одговорно и успешно деловно работење ја водеше компанијата кон раст и развој. Денес, истата таа визија е основа за сите наши одлуки , осигурувајќи позитивно влијание врз нашите вработени, нивните семејства, заедницата и животната средина.

---

ОДНОСИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА

Во Translog Ltd.,придаваме големо значење на отворената комуникација и соработка со нашите партнери. Свесни сме дека успехот на компанијата не зависи само од внатрешните стратегии, туку и од начинот на кој соработуваме со надворешните партнери. Оваа посветеност е длабоко вградена во нашата организациска култура и деловна филозофија, бидејќи ја сметаме за клучен фактор за одржлив раст и благосостојба на заедницата.

Нашиот пристап кон соработката со засегнатите страни се темели на транспарентност, отвореност, интегритет и почит.Веруваме дека ова е клучно за градење долгорочни, продуктивни односи. Преку систематска и постојана комуникација со сите засегнати страни и проценка на нивните ставови во однос на економските, социјалните, еколошките, етичките и управувачките прашања подобро ги разбираме потребите и очекувањата на нашите вработени, деловните партнери и заедниците што ги опслужуваме.Ги идентификувавме засегнатите страни кои имаат најголемо влијание врз нашето работење, како и оние кои се најмногу засегнати од нашите активности. Ова сознание ни овозможи да ги насочиме нашите напори кон клучните групи: За да го поддржи одржливиот развој и транспарентното известување, Translog користи процес на оценка на значајноста за идентификување на клучните прашања кои се најкритични за нашето деловно функционирање. Овој процес го одредува содржинскиот опфат на нашите ESG (Environmental, Social and Governance) извештаи и темите што ги обработуваме, во согласност со насоките на стандардите на GRI (Global Reporting Initiative) Посветени сме на постигнување јаглеродна неутралност, што го докажуваме преку инвестиции во најсовремена опрема и обезбедување на соодветни сертификати.Во иднина, , дополнително ќе ги зајакнеме нашите напори преку стратешки инвестиции во технологии за неутрален јаглерод. Одговорното управување со природните ресурси, заедно со фокусот на оперативната ефикасност, останува камен-темелник на нашата деловна политика.



# ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Translog Ltd. е свесен за предизвиците, заканите и ризиците од климатските промени и глобалното затоплување, и посветен е на преземање конкретни чекори за нивно ублажување. Во согласност со агендата на Обединетите нации за 2030 година, Европскиот зелен договор и Зелената агенда за Западен Балкан, активно работиме на намалување на емисиите на стакленички гасови (GHG). Се обврзавме да ги намалиме емисиите на јаглеродниот диоксид (CO2) и другите штетни гасови за 25% до 2027 година, со крајна цел да постигнеме јаглеродна неутралност.**

**За да ги идентификуваме и минимизираме негативните влијанија од нашето работење врз емисиите, се потпираме на меѓународно признатата класификација на емисиите во**

**три опсега :**

Опфат 1: Директни емисии од извори под наша контрола , како што се камиони и други возила што се користат во операциите.

Опфат 2: Индиректни емисии од купената енергија, како што се електрична енергија, греење или ладење.

Опсег 3: Индиректни емисии од создавање и обработка на отпад во рамките на синџирот на вредност.

## НАША ВИЗИЈА ЗА ПОЗЕЛЕНА ИДНИНА

### ОДРЖЛИВОСТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Посветени сме на изградба на поодржлива иднина, ставајќи ја еколошката одговорност во фокусот на нашите транспортни и доставни операции. Од намалување на емисиите преку оптимизирана логистика до инвестирање во еколошки возила и јаглеродно неутрални технологии, нашите планови ја одразуваат нашата посветеност кон минимизирање на влијанието врз животната средина, додека истовремено обезбедуваме сигурна услуга.

Ефикасното управување со ресурсите, одржливите алтернативи за гориво и



иновативните решенија за испорака се во сржта на нашата стратегија, обезбедувајќи значаен придонес во насока на транзицијата кон одржлив и еколошки ориентиран деловен модел.Нашите деловни активности се целосно усогласени со принципите на одржливост и еколошка одговорност.Посветени сме на континуирано намалување на емисиите на $CO_2$,со крајна цел - постепено постигнување јаглеродна неутралност.Оваа заложба ја покажавме преку конкретни чекори во 2024 година и мерлив напредок во заштитата на животната средина.Нашата стратегија е насочена кон продолжување на овој процес и во наредните години, со понатамошно намалување на емисиите на $CO_2$ и приближување кон нулта емисии. Планираните инвестиции, како што се - набавка на еколошки возила, користење на обновливи извори на енергија и имплементирање на современи процеси за третман на отпадот ќе ни помогнат да ја постигнеме оваа цел.

Во нашите претходни активности, секогаш се однесувавме одговорно кон животната средина и нејзините ресурси.Во иднина, оваа посветеност ќе биде унапредена на нови нивоа за да обезбедиме одржливо работење и поефикасно користење на природните ресурси, се со цел да се подобри заштитата на животната средина.

### КРАТКОРОЧНИ ЕКОЛОШКИ ПЛАНОВИ И ЦЕЛИ (2024–2027):

**1. Намалување на емисиите на $CO_2$**

- Намалување на емисиите на **$CO_2$** за 25% во следните три години.

**2. Управување со отпад**

- Третирање до 75% од опасниот отпад.
- Осигурување дека до 95% од опасниот отпад ќе биде управуван од лиценцирани оператори.
- Третирање до 98% од неопасниот отпад.

**3. Заштеда на енергија и зелена енергија**

- Постигнување до 20% заштеда на енергија преку зголемена ефикасност.
- Користење на обновливи извори на енергија за до 25% од енергетските потреби

### ДОЛГОРОЧНИ ЕКОЛОШКИ ПЛАНОВИ И ЦЕЛИ (2030 И ПОТОА):

**1. Намалување на емисиите на $CO_2$**

- Намалување до 90 % на емисиите на $CO_2$

**2. Управување со отпад**

- Третирање до 98% од опасниот отпад.
- Осигурување дека 100% од опасниот отпад ќе биде управуван од лиценцирани оператори.
- Третирање на 100% од неопасниот отпад

**3. Заштеда на енергија и зелена енергија**

- Постигнување до 70% заштеда на енергија преку подобрена ефикасност.
- Користење на обновливите извори на енергија за до 55% од енергетските потреби.

## НАШАТА ПОСВЕТЕНОСТ КОН ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во изминатите пет до шест години, прифативме деловна стратегија заснована на принципите за одржлив развој. Усогласувајќи се со европските стандарди, Агендата 2030 на Обединетите нации и најдобрите глобални практики, нашите активности ја ставија на прво место заштитата на животната средина. Ова вклучува подобрување на енергетската ефикасност, оптимизација на користењето на ресурсите, намалување на отпадот и одговорно управување со материјали како што се отпадните моторни масла. Овие иницијативи создаваат подобри услови за живеење и работа за сегашните и идните генерации. Активно придонесуваме за постигнување енергетска одржливост преку креирање планови, договарање проекти и инвестирање во обновливи извори на енергија. Нашата амбиција е да преминеме од фосилни горива кон обновливи извори на енергија како што е сончевата енергија. До 2030 година нашата цел е 25%–30% од електричната енергија што се користи во нашето работење да доаѓа од обновливи извори на енергија, било преку независно производство или преку соработка со партнери.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАСТИЧНИОТ ОТПАД

Пластичниот отпад претставува значителен еколошки предизвик. Со години, нашата компанија спроведува политики за намалување на употребата на пластика, промовирање на рециклирањето и замена на пластиката со алтернативни, природни материјали. Во 2024 година, иницирвме мерки за постепено отстранување на пластичната амбалажа, постигнувајќи видливи резултати со елиминирање на пластичните производи за еднократна употреба за храна и пијалоци на вработените.



**Пластичните шишиња со вода се заменети со стаклени шишиња каде што е можно.**

**Пластичниот прибор за еднократна употреба е заменет со трајни керамички садови и метални прибори за јадење.**

Нашата тековна стратегија има за цел да ги намали сите видови отпад, вклучувајќи го и комуналниот отпад за приближно 20% во следните три години. Дополнително, посветени сме на минимизирање на употребата на материјали кои имаат долгорочни негативни ефекти врз животната средина, како и на непотребните предмети кои претставуваат еколошки ризици.

ЕМИСИИ НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ

Ги следиме трендовите поврзани со климатските промени и глобалното затоплување, усогласувајќи ги нашите операции со Агендата 2030 на ОН , Европскиот Зелен договор и Зелената агенда за Западен Балкан. Емисиите на стакленички гасови се класифицирани во три категории:



1. Опсег 1: Директни емисии од контролирани извори, како што се камиони и возила што се користат во операциите.

2. Опсег 2: Индиректни емисии од купена енергија, како што се електрична енергија, греење или ладење.

3. Опсег 3: Индиректни емисии од создавање и преработка на отпад во рамките на синџирот на вредност.

За да ги намалиме емисиите на стакленички гасови, нашите компании се фокусираат на примена на почисти технологии, пред сè на модернизација на транспортниот возен парк со возила што имаат значително пониско ниво на емисии на $CO_2$ .Како резултат на тоа, во 2024 година се забележува тренд на намалување на емисиите во сите три категории , особено во Опсег 1, кој се однесува на директните емисии. Планираме да го продолжиме и да го забрзаме овој тренд со дополнително намалување на емисиите на CO2, првенствено преку набавка на нови возила кои испуштаат помали емисии. Дополнително, во блиска иднина планираме да набавиме возила кои ќе користат течен нафтен гас или електрични возила како поеколошки решенија. Оваа година, директните емисии се намалени од 5 до 10%.

ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Подобрувањето на енергетската ефикасност во нашите објекти е клучен приоритет за намалување на енергетската загуба и потрошувачката. Мерките вклучуваат:

**• Исклучување на светлата во простории што не се користат**

**• Користење на енергетски ефикасни светилки.**

**• Намалување на непотребното греење.**

**• Исклучување на компјутери и монитори кога не се во употреба.**

Идните планови вклучуваат инсталирање на надворешно осветлување со соларна енергија и системи за соларна енергија како примарен извор на енергија. Свесни за негативното влијание на фосилнитете горива врз животната средина, се стремиме да преминеме кон обновливи извори на енергија, особено кон соларна енергија за да ја зголемиме енергетската ефикасност и да ги минимизираме емисиите на CO2. Бројни показатели покажуваат дека производството на електрична енергија од јаглен или други фосилни горива е еден од најголемите загадувачи на животната средина, бидејќи во текот на овој процес се испуштаат најголеми количества на CO2. Затоа, ги презедовме горенаведените активности за намалување на потрошувачката на електрична енергија и за нејзино производство од обновливи извори, првенствено преку користење на сончевата енергија. Веќе имплементиравме мерки за зголемување на енергетската ефикасност и наскоро ќе започнеме со развој на нови

планови и проекти насочени кон подобрување на енергетската ефикасност, заштеда на енергија и производство на енергија од обновливи извори. Нашата визија вклучува користење еколошки горива за камиони и возила, како и приоритетно инвестирање во обновливите извори на енергија за да се обезбеди енергетска стабилност и заштита на животната средина.

Ги поддржуваме сите активности насочени кон заштитата на животната средина, вклучувајќи ја и борбата против климатските промени и напорите за ограничување на порастот на просечните температури. Во согласност со оваа заложба, планираме да инвестираме и да започнеме проекти кои ќе придонесат во насока на заштитата на животната средина.

---

## РАЦИОНАЛНА ПОТРОШУВАЧКА НА ВОДА

Во секојдневното работење, приоритет ни е рационалното користење на водата како најзначаен природен ресурс. Се стремиме кон одржливо управување со водата, истовремено придржувајќи се до санитарните стандарди. Благодарејќи на мерките за поефикасно користење на овој ресурс, постигнати се значајни резултати во намалувањето на потрошувачката и поекономично користење на водата. Потрошувачката на вода останува конзистентна во текот на годината, при што главниот фокус е да се искористи исклучиво за рационални цели. Дури 90% од водата се троши на хигиенски потреби, како што се одржување на чистотата на камионите и другите транспортни возила. Со цел дополнителна оптимизација на потрошувачката , спроведена е стратегија за ограничување на користењето на вода само за основните санитарни потреби. Водата се добива од градскиот водовод, а забележливо е дека месечната потрошувачка веќе подолг период останува на стабилно и прифатливо ниво. За зачувување на природните водни ресурси, ги поддржуваме сите еколошки иницијативи и акции насочени кон оваа цел. Ја нагласуваме одржливата употреба на водата првенствено за хигиенски потреби, односно одржување на чистотата на возилата, што претставува приближно 90% од нашата потрошувачка на вода. Нашата заложба за одржливо користење на водата вклучува:

- **Ограничување на употребата на вода само за неопходните потреби**

- **Одржување на стабилно ниво на потрошувачка без зголемување.**

Во иднина планираме да истражиме можности за решенија за третман на отпадните води со цел заштита на природните водни ресурси и поддршка на пошироки еколошки иницијативи.



---

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ

Нашите деловни процеси се организирани да генерираат минимални количини на отпадни води. Секоја произведена отпадна вода се третира на начин што ја заштитува животната средина, спречувајќи директно испуштање во природата или загадување на областите каде што живеат луѓе, растенија и животни. Континуирано работиме на зачувување на водните ресурси и намалување на

загадувањето на водата за пиење. За таа цел,периодично се одржуваат обуки на вработените со цел поттикнување на рационалното користење на водата за пиење и поефикасно искористување на техничката вода. Отпадните води се собираат и транспортираат до специјализирани постројки за третман, по што се испуштаат во јавниот градски канализациски систем.

---

## УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД

Општите процедури за управување со отпад вклучуваат негова идентификација, ракување, складирање, третман и пренос до овластени организации. За оваа област е назначено лице со соодветни овластувања, должности и одговорности што овозможува одговорен и систематски пристап кон процесот на управување со отпадот. Воспоставени се правила и процедури за раздвојување на опасниот од неопасниот отпад, со јасни протоколи за управување на опасниот отпад, усогласени со законските регулативи од оваа област. Опасниот отпад се генерира , складира и се предава на оператори кои се овластени да управуваат со овој вид отпад.

---

## СПРОВЕДЕНИ ЕКОЛОШКИ АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА

Во периодот од јануари до декември 2024 година беа преземени бројни, различни еколошки активности, дополнително зајакнувајќи ги темелите на еколошките деловни практики. Ова беше постигнато преку донесување на внатрешни правни акти во форма на одлуки донесени од директорот или собранието на компанијата, кои се обврзувачки за сите вработени. Главната цел на овие одлуки е понатамошно усогласување на нашите активности со европските еколошки стандарди. И пред нивното донесување, нашите компании во голема мера ги почитуваа еколошките регулативи, но сега, со нивната официлизација, дополнително се зголеми придржувањето кон одржливите практики, со што сме чекор поблиску до намалување на јаглеродниот отпечаток. Претходно усвоените одржливи деловни планови остануваат на сила.Тие се усовршени, а со новите одлуки нивната имплементација е поедноставена.Плановите за намалување на емисиите на CO2, заштедата на енергија, минимизирањето и рециклирањето на отпадот, како и управувањето со опасниот отпад сега имаат правна основа и механизми за побрза и поефикасна реализација.На пример, воведовме е-архивирање и дигитализација на документите, како и надградба на оперативниот софтвер, со што потребата од печатење и употреба на хартија е сведено на минимум, само во најнеопходните случаи.Дополнително, системската заштита на животната средина е зајакната преку намалување на употребата на хартиеното пакување и промовирањето на заштеда на хартија што е постигнато со воведувањето на на електронски фактури. Преземени се многу конкретни активности за да се постигнат еколошките планови и цели, а најголем дел од нив беа насочени кон намалување на емисиите на CO2. Најголем успех во оваа област постигнавме со набавка на нови, еколошки поефикасни камиони и други транспортни возила кои испуштаат пониски емисии на јаглерод диоксид. Во 2024 година беа создадени подобри услови за заштита на животната средина, односно одржливото деловно работење беше олеснето во споредба со претходните периоди. Ова беше овозможено преку усвојување на поголем број одлуки насочени кон заштитата на животната средина ,кои го поедноставија и забрзаа еколошкото одржливо деловно работење. Сите донесени одлуки или веднаш беа имплементирани или постепено се спроведуваат, во зависност од нивната содржина и обем.

.



КЛУЧНИ ЕКОЛОШКИ ОДЛУКИ ВО 2024 ГОДИНА

Најважните одлуки за еколошки одржливо работење донесени од стана на нашите компании во 2024 година се следни:

ОДЛУКА ЗА ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**<u>Одлуката за заштеда на електрична енергија</u>** беше донесена истовремено и со идентична содржина за двете наши компании,*Translog Ltd* и *Translog Express Ltd.* Таа стапи на сила на 1 март 2024 година и има за цел да овозможи заштеда и поефикасно користење на електричната енергија. Целта на оваа одлука е континуирано намалување на потрошувачката на електрична енергија, користејќи ја исклучиво за неопходни потреби како и елиминирање на непотребното трошење. Во рамките на оваа одлука се наведени мерки за постигнување на наведените цели, вклучувајќи:

**• Оптимизирање на осветлувањето,**

**• Управување со уреди,**

**• Контрола на системите за климатизација,**

**• Периодично известување и информирање за потрошувачката.**

ОДЛУКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ПЛАСТИКА И УПРАВУВАЊЕ СО ПЛАСТИЧНИОТ ОТПАД

**<u>Одлуката за намалување на употребата на пластика и управување со пластичниот отпад</u>** беше донесена со идентичен обем, цел и примена ва двете наши компании.Стапи на сила во март 2024 година, а нејзината цел е создавање услови за поодржливо работење во однос на употребата на пластика и пластична амбалажа, чиј штетен ефект врз животната средина е добро познат.




Освен постепеното намалување на редовната употреба на овие материјали, со крајна цел нивно постепено целосно отстранување, одлуката утврдува услови и методи за управување со пластичниот отпад кој може да се класифицира како опасен по здравјето на луѓето и животната средина. Одлуката го олеснува намалувањето на употребата на пластика во канцелариите, како и во тековното деловно работење.

Клучните цели вклучуваат воспоставување на ефикасни методи за управување со пластичниот отпад, намалување на употребата на пластика и создавањето отпад, поттикнување на употребата на еколошки материјали како алтернатива на пластиката, како и промовирање на употребата на рециклирани материјали наместо пластика. Конкретните мерки вклучуваат:

**• Поставување посебни корпи за селекција на отпадот.**

**• Воспоставување партнерства со компании за рециклирање.**

Покрај овие конкретни активности, одлуката има поширока цел- подигање на свеста кај вработените за овие прашања, обуки и едукација за процесите на рециклирање и акцентирање на негативното влијание на пластиката врз здравјето на луѓето. Дополнително, одлуката предвидува назначување одговорно лице за координација на мерките за намалување на пластиката и управување со отпадот. За оваа позиција е назначен Горан Циплаковски. Клучната важност на оваа одлука е во нејзиното подржување на стратегијата за долгорочна одржливост,стратегијата за ESG како и во постојано подобрување и усовршување на овие стратегии преку подобрување на перформансите на ESG.

---

ОДЛУКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ФАКТУРИ

**Одлуката за користење на електронски фактури, вклучително и електронски потпис,** е донесена на 01.06.2024 година.

Оваа одлука е дел од еколошкиот пакет мерки, бидејќи води до значителни заштеди на хартија, а со тоа придонесува кон заштита на шумите како еден од највредните природни ресурси. Одлуката се однесува на двете наши компании и не само што овозможува намалување на потрошената хартија за фактурирање туку и за други административни цели. Според оваа одлука, сите документи, каде што е возможно, се испраќаат електронски,заменувајќи ја традиционалната поштенска испорака. Примарната цел е да се намали потрошувачката на хартија за да се заштити животната средина. Истовремено, ги оптимизира процесите на доставување фактури и документи, овозможувајќи побрзо и поефикасно архивирање на документацијата и рационализирање на работните процеси.

---

ОДЛУКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА CO2




**Одлуката за намалување на емисиите на CO2,** која стапи на сила од 1 ноември 2024 година, беше усвоена со цел да се воведат мерки за намалување на емисиите на јаглерод диоксид од возните паркови на компаниите, кои се едни од клучните ресурси во работењето. Според оваа одлука, постоечките возила треба да се заменат со понови, поефикасни модели кои испуштаат значително помали емисии на CO2. Одлуката поттикнува транзиција кон електрични и хибридни возила, како и оптимизација на транспортните рути за да се зголеми ефикасноста на транспортот и да се намалат вкупните емисии на CO2.

Клучните точки на оваа одлука вклучуваат:

**• Редовен мониторинг и известување за тековните и вкупните емисии на CO2.**

**• Јавно објавување на податоците за емисиите**.

**• Поставување цел за значително подобрување во ефикасноста на горивото и намалување на вкупните емисии на CO2 до 2030 година.**

За спроведување на оваа одлука и координација на сите активности поврзани со емисиите на емисиите на јаглерод диоксид е назначен Николче Николовски. Неговите должности вклучуваат и унапредување на одржливоста на компанијата и подобрување на нејзиниот ESG перформанс.

Сите овие мерки помагаат да се подигне свеста на вработените за важноста од заштеда на електрична енергија,што не само што ќе ги намали трошоците, туку и ќе помогне во остварувањето на еколошките цели поврзани со одржливоста и заштитата на животната средина.

**ЗАКЛУЧОК**

Остануваме посветени на заштитата на животната средина и усогласувањето со глобалните напори за борба против климатските промени и намалување на емисиите.Нашите инвестиции и иницијативи се насочени кон одржлив развој, енергетска ефикасност и намалување на отпадот, при што приоритет останува здравјето и благосостојбата на идните генерации.



# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ



ЗАЛОЖБА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Ја прифативме улогата на општествено одговорни компании и посветени сме на создавање подобри и поправедни работни услови , како и на општата благосостојба на нашата заедница. Континуирано инвестираме во социјалните ресурси, особено во нашите вработени, кои претставуваат темел на нашата организација и клучен фактор за нејзиниот успех. Тие се највредниот ресурс на нашите компани и гарант за  сигурна и перспективна деловна иднина.




Translog LTD. е светол пример за корпоративна општествена одговорност, активно придонесувајќи за благосостојбата на заедниците преку значајни хуманитарни активности. Компанијата има водечка улога во низа  иницијативи како што се донациите на храна и облека за семејства во социјален ризик. Помагаме и на регионите погодени од катастрофи, обезбедувајќи логистичка поддршка за испорака на основните добра. Дополнително,во соработка со локални невладини организации , спроведуваме програми за подобрување на пристапот до образование и здравствени услуги во недоволно развиените подрачја. Преку овие активности , Translog Ltd. демонстрира вистинска посветеност кон создавање позитивно влијание и поттикнување отпорност кај  заедниците на кои им обезбедува услуги.

## Хуманитарни Акции на Translog

- 2016 **Организација и спонзорство на Триатлон**, *доделување награди*
- 2016 **Мегаши**, *спонзорство за новогодишни подароци за деца*
- 2017 **Кампања „ Јас сум ДАУН, но совршен/а“**, *организирање патување со деца со Даунов синдром*
- 2018 **Донација на 3 респиратори** *за Детска клиника*
- 2019 **Донација за Домот за деца без родители**, *новогодишни  пакети и влезници за новогодишна театарска претстава*
- 2021 **Донација за  Клиниката за детска хематологија**, *постелнини и новогодишни подароци за децата*
- 2023 **Признание** *за посветеност и помош на пациенти кои имаат потреба од  палијативна нега*
- 2023 **Помош за жртвите од поплавите** *во Словенија*
- 2023 **Донација** *за мечувачки клуб*
- 2023 **Спонзорство** *на Македонската скијачка репрезентација*
- 2023 **Донација за 8 деца**, *топли дневни оброци во рамки на „Проект Среќа“*
- 2024 **Донација** *за жртвите  од земјотресот во Турција.*

ВРАБОТЕНИТЕ И НИВНАТА ПОЛОЖБА

Обуките, семинарите, едукацијата, развојот на човечките и бизнис вештините, како и подобрувањето на социјалниот и професионалниот статус на нашите вработени, вклучувајќи го и унапредувањетона нивните работнички права, се во фокусот на идните планови на нашите компании. Се стремиме да обезбедиме соодветни услови за работа за сите вработени подеднакво. Во овој процес ја имаме поддршката и активната соработка на нашите вработени, кои ги препознаваат и поддржуваат нашите напори. Преку нивната посветеност и ангажман,тие активно придонесуваат за работењето, развојот и препознатливоста на компаниите .




Продолжуваме да даваме конкретна поддршка на вработените на нивните работни места, односно во рамките на деловните процеси. Помагаме и на пошироката заедница, со фокус на локалната заедница. Им помагаме на децата и детските организации секогаш кога сме во можност. Конкретен пример е нашата донација за Првата детска амбасада во светот.

ВРАБОТЕНИТЕ КАКО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

Нашите компании немаат многу вработени - само околу дваесет - но секој од нив е наше богатство и најдобра инвестиција. Со отворање на нови позиции и вработување на нови работници ја зголемуваме вредноста на нашите компании што го сметаме за значааен деловен успех. Ова не прави сигурен партнер и посакуван работодавач. Нашите компании претставуваат стабилна основа за нашите вработени и нивните семејства. Ги почитуваме, цениме и ги негуваме принципите на еднаквост, инклузија и различност. Почитувањето на овие принципи е во интерес на вработените, за исполнување на нивните потреби и цели. Ова, секако , е и во интерес на компанијата, бидејќи само задоволни работници можат да постигнат добри деловни резултати. Родовата еднаквост и еднаквоста во секоја друга смисла се застапени во нашето работење. Со оглед на природата на работните задачи што ги извршуваме, бројот на високообразовани професионалци не е доминантен, туку е пропорционален на бројот на вработени со средно образование. При изборот на вработени, најважни критериуми се компетентноста, деловните вештини и знаењето.

СТРУКТУРА И РАБОТЕН ПРОФИЛ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Вработените во нашите компании се избрани според работните профили потребни за извршување на деловните активности. Одреден број од нив се дел од компанијата уште од нејзиното основање или биле ангажирани во првите години од нејзиното работење- период во кој се формираше структурата и организацијата на бизнисот. Со растот на компанијата, паралелно се одвиваше и напредокот на вработените во рамките на организациската структура, при што истовремено се подобруваа нивните деловни вештини, знаења и способности.

Некои од вработените учествуваа во дополнителна обука и специјализација за да ги усовршат своите вештини и знаења. Сите вработени уживаат загарантирани

работнички права, кои често се на повисоко ниво од законски пропишаните.Тоа не прави посакуван работодавач, поради што во последните години многу млади луѓе конкурираат за работа во нашите компании. Секогаш наоѓаме начин да ги вклучиме кога се отвора ново работно место или кога има можност за зголемување на бројот на вработени. Во нашите компании работат висококвалификувани кадри , кои сочинуваат околу 1/3 од вкупниот број вработени. Скоро 2/3 од вработените имаат средно образование. Бројот на мажи е нешто поголем од бројот на жени, што е резултат на природата на работните места, бидејќи најголем дел од вработените се ангажирани како возачи на камиони или на други работни позиции поврзани со транспортот, каде што традиционално повеќе аплицираат мажи. Сепак, повеќе од една четвртина од нашите вработени се жени. Од вкупниот број вработени, само околу 15% се вработени во менаџментот и администрацијата, додека останатите директно учествуваат во работните процеси.

## ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Сите работни процедури и процеси се водат од грижата за здравјето, безбедноста и заштитата на работното место на вработените. Воспоставени се јасни процедури, упатства и мерки за заштита на овие вредности. Дополнително, се организираат периодични обуки, работилници и тренинзи за безбедност при работење. Досега не се евидентирани професионални заболувања, а повредите на работното место се сведени на минимум. Секторот за човечки ресурси планира, организира и спроведува програми и активности за едукација на вработените, предлагајќи стипендии за понатамошно образование и поддршка за развој на кариерата. Посебно внимание се посветува на возачите, со редовни контроли на нивната здравствена и психофизичка состојба. Ова придонесува за поголема безбедност како за вработените, така и за другите учесници во сообраќајот.

Како што се грижиме за вработените и нивните семејства, подеднакво се грижиме и за сите наши клиенти и корисници на услугите. Секогаш осигуруваме максимална безбедност на пратките, стоките и транспортот. Постојано се стремиме да ги исполнуваме највисоките безбедносни стандарди и да обезбедиме врвна услуга. Овој принцип се однесува на сите сектори на работењето , вклучувајќи го и менаџментот и администрацијата на компанијата.Нашата посветеност на квалитетот ја докажуваат и меѓународните ISO сертификати коишто ги поседуваме. Горди сме што го имплементираме стандардот ISO 9001-2015.



## КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Покрај успешното, одговорно и квалитетно деловно работење, нашите компании се фокусирани и посветени на корпоративната општествена одговорност. Нашето делување треба да донесе напредок и успех не само за клиентите,туку и за нашите вработени и нивните семејства. Веруваме и се надеваме дека овој пристап промовира општествена одговорност, но инспирира и други да постапуваат одговорно со цел да се подобри деловниот амбиент и социјалните односи. Веруваме дека успесите што ги постигнуваме не носат придобивки само за нас. Дел од создадената дополнителната вредност несебично ја насочуваме кон оние на кои им

е најпотребна. Иако ова не го практикуваме редовно, се гордееме со нашите донации, како што беше помошта за жртвите од поплавите во Словенија во 2023 година или донациите за Турција по разорниот земјотрес. Дополнително, редовно финансиски го подржуваме Здружението за поддршка на палијативна нега во Скопје и обезбедуваме топли оброци за децата во текот на учебната година. Активно сме вклучени во многу слични иницијативи и директна помош за најранливите групи, иако во овој момент не сакаме премногу да претеруваме со ваков тип на самореклама . Сепак, имаме планови овие активности да бидат почести и уште поконкретни во наредните години.




## ПЛАНОВИ ЗА КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Наша цел е да постигнеме уште подобри деловни резултати и да ги прошириме постојните пазари. Но,истовремено, подеднакво важно ни е да создадеме подобри и поправедни услови за децата и младите. Првенствено, ова се однесува на децата на нашите вработени, но ние не се ограничуваме само на нив. Ќе работиме на тоа сите деца да имаат придобивки. Планираме да организираме програми за поддршка на семејствата и родителството, како и да поттикнеме и други компании да се вклучат во овие напори. Имаме намера да воспоставиме соработка со средните училишта, особено со оние кои обучуваат професионални возачи,како и со други образовни институции, вклучувајќи ги и универзитетите.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Од самиот почеток на нашето работење, нашата политика за вработување е насочена кон вклучување на млади, професионално обучени кадри. Клучните критериуми за вработување се стручноста, образованието и добрите работни навики. Во согласност со овие принципи,нашите компании настојуваат да обезбедат еднаква застапеност на сите социјални групи, под услов тоа да не влијае негативно на стручноста и професионалноста. Ние создаваме безбедна, посакувана и инклузивна работна средина за жените. Жените сочинуваат значителен дел од вкупниот број вработени, а нивното учество и влијание се особено изразени на раководните позиции. Нашата цел е во следните години, особено до 2028 година, уште повеќе да го зголемиме присуството на жените во раководните позиции, кога се очекува тие да заземат речиси 60% од менаџерските позиции. Но,поважно од овие статистички податоци и од плановите за блиска иднина е фактот дека во нашите компании никогаш не се регистрирани случаи на родова дискриминација.




Со гордост нагласуваме дека немало ниту еден инцидент поврзан со дискриминација

по било кој основ- расна, национална или верска. Еднаквоста на вработените е еден од нашите главни приоритети. Оваа деловна филозофија се рефлектира во нашето секојдневно работење.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Сите работни процеси кои ги вклучуваат нашите клиенти или корисниците на услугите, како и оние кои имаат значително влијание врз на квалитетот на нашите услуги и обврски, се спроведуваат со максимална отвореност и транспарентност.




Со текот на времето, нашите компании станаа синоним за безбедно, сигурно и квалитетно деловно работење. Работиме систематски, минимизирајќи ги потенцијалните ризици, без да правиме компромис со квалитетот на услугите што ги нудиме. Во секоја фаза од испораката на услуги, корисниците добиваат детални информации за услугите и деловните практики . Покрај овие информации, обезбедуваме и известувања за процедурите, практиките и методите. Нашето секојдневно работење се одвива со највисок степен на транспарентност.Единствените информации што се третираат како доверливи се оние кои се однесуваат на безбедноста и заштитата на клиентите, пратките и товарот. Во оваа област на работењето, ние строго се придржуваме до меѓународните стандарди.

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ

Сите наши деловни активности се спроведувааат во согласност со највисоките безбедносни стандарди. Безбедноста и заштитата при работа се приоритети во сите фази на работата, во текот на сите процеси и активности. Истиот третман се однесува и на деловните податоци, вклучувајќи ги и информациите за клиентот. Заштитата и безбедноста на личните податоци се во согласност со Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR) и националното законодавство. Подеднакво и во секое време се преземаат и сите неопходни мерки за заштита на личните податоци на вработените и на деловните партнери. Релевантните регулативи во врска со заштитата на податоците се на сила. Обработката на личните податоци се врши само со претходна согласност на корисникот, во согласност со законските регулативи. Како резултат на тоа, корисниците на услугите, исто како и вработените, можат да се уверат дека нивните лични податоци се безбедни и заштитени. Како дополнителна мерка за безбедност на податоците, нашите вработени имаат завршено обука за GDPR.



## ПОЛИТИКА И СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ

Политиката за квалитет во Транслог е развиена, имплементирана и потврдена од високото раководство во тесна соработка со сите релевантни членови на тимот. Таа е целосно прифатена и обврзувачка за сите вработени. Оваа политика се придржува до барањата на стандардот ISO 9001:2015 ,

усогласена е со целите и контекстот на организацијата и истовремено го поддржува нејзиниот стратешки правец. Истовремено, ја потврдува нашата посветеност кон задоволството на клиентите преку постојано унапредување на системот за управување со квалитет. Во таа насока, ги поставивме следните цели за нашата Политика за квалитет:

• Континуирано поттикнување на иновациите.

• Подобрување на оперативниот квалитет.

• Зголемување на флексибилноста.

• Зголемување на ефикасноста во работењето.

• Проширување на опсегот на понудени услуги.

Постигнувањето на овие цели е клучно за постигнување на нашата крајна цел: максимално задоволството на клиентите.

ISO 9001:2015

Нашата визија е едноставна: да бидеме прв избор на регионалните пазари преку постигнување извонредност во:

• Иновации

• Квалитет

• Флексибилност

• Ефикасност

• Изградба на стабилни партнерства



TÜV NORD

CERTIFICATE

Management system as per
**ISO 9001 : 2015**

The Certification Body TÜV NORD CERT GmbH hereby confirms as a result of the audit, assessment and certification decision according to ISO/IEC 17021-1:2015, that the organization

**TRANSLOG DOOEL Skopje**
**Ul. Kozle br. 101/2**
**1000 Skopje**
**Republic of North Macedonia**

operates a management system in accordance with the requirements of ISO 9001 : 2015 and will be assessed for conformity within the 3 year term of validity of the certificate.

Scope

**Container, truck, container truck transport and air cargo transport**

Certificate Registration No. 44 100 19 32 0293
Audit Report No. 35922 2152

Valid from 2023-01-02
Valid until 2026-01-01
Initial certification 2020

Certification Body
at TÜV NORD CERT GmbH

Plovdiv, 2022-12-30

TÜV NORD CERT GmbH Am TÜV 1 45307 Essen www.tuev-nord-cert.com

DAkkS Deutsche Akkreditierungsstelle D-ZM-12007-01-00



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Царинската управа на Република Северна Македонија, надлежна врз основа на член 10 став 8 од Законот за Царинската управа („Сл. весник на РМ" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/16, 248/18 и 122/21), решавајќи по поднесеното барање на МОНМАР ДОО Скопје за издавање на одобрение за овластен економски оператор за безбедност и сигурност, донесе

| ОДОБРЕНИЕ ОЕО<br>MKAEOS21900000000000000154<br>(Број на одобрение) | |
|---|---|
| 1. Имател на одобрение ОЕО | 2. Орган издавач |
| ТРАНСЛОГ – ЕКСПРЕС ДООЕЛ Скопје<br>MK4057015529225<br><br>ул.Козле бр.101/2<br>СКОПЈЕ | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br><br>Златко Ветеровски<br>помошник директор |

Имателот од рубрика 1 на ова одобрение е:

Овластен економски оператор

☐ Царински поедноставувања
X Безбедност и сигурност
☐ Царински поедноставувања / безбедност и сигурност

| 3. Датум од кога одобрението стапува во сила: |
|---|
| 09.12.2021 |

AEO MK

Таксата од тарифен број 1 и 95 од ТАТ на ЗАТ во износ од 550,00 денари е наплатена.

1/2

# УПРАВУВАЊЕ


Vision
position
Mission
team
ethics
roles
GOVERNANCE
MANAGEMENT
administration
Responsibilities
nonprofit
Board
Policies
Best practices
Committees

## МЕНАЏМЕНТ НА КОМПАНИЈАТА

Во текот на претходната година, одлучивме дека, во согласност со актуелните трендови на европскиот пазар и во согласност со важечкото европско законодавство, неопходно е да се воспостави стратешки пристап кон менаџментот, со акцент на креирање на стратегиски менаџмент ESG. Беа дефинирани одржливи деловни цели. Беше донесена одлука за воспоставување одржливи деловни практики во наредните години со усвојување на стратегија за ESG, со посветеност на редовно известување за ESG.



Известувањето за ESG вклучува транспарентно работење, информирање и известување на вработените, партнерите, како и на пошироката заедница за сите деловни активности, планови и тековни случувања. Беше донесена одлука да се обезбеди идна транспарентност во информирањето на сите засегнати страни, редовно да се следи и анализира напредокот во постигнувањето на деловните цели насочени кон одржливо работење. Профитабилноста е несомнено главната цел на секоја компанија, вклучувајќи ја и нашата. Но, за нас профитабилноста, покрај економскиот параметар, подразбира и функционална деловна структура, јасно дефинирани процедури и визија за подобра иднина во рамките на зачувана и здрава животна средина. Скоро две децении, нашето работење се темелим на вредностите што ги наследивме од дома-  учтивост, , подготвеност да помогнеме и љубезност. Овие вредности ги надополнивме со уште една клучна, најрелевантна и најважна за идните генерации - одржлив развој. Преку стратешки пристап, искрена посветеност  и одговорно однесување, изградивме репутација на сигурен деловен партнер, посакуван соработник и прв избор за работодавач. Во исто време, воспоставивме стабилен финансиски систем со оптимален модел на корпоративно управување. Нашата корпоративна култура се темели на вредности и визија што создава силна врска помеѓу менаџментот и вработените. Оваа култура е подеднакво поддржана од страна на директорот на компанијата, менаџментот  и оперативниот персонал. Паралелно со овие активности, работиме и на развивање на лидерските вештини на менаџерскиот кадар . Ние  го  развиваме и негуваме претприемачкиот дух, поттикнуваме и професионализам, стручнот,етика и учтиво однесување во работењето. Сето ова го правиме  со целосно почитување на важечките законски  прописи во областите на нашето работење, како и редовно подмирување на  финансиските обврски кон државните институции и доверителите.

---

## ВОСТАВУВАЊЕ НА МОДЕРНИ УПРАВУВАЧКИ СТРУКТУРИ

Структурите на управување кои одамна се воспоставени и успешно функционираат дополнително се развиваат и се усогласуваат со актуелните регулативи, пред се со ESG стандардите. Се утврдува посовремен систем на управување кој ќе обезбеди усогласеност со глобалните трендови и европските стандарди. Планот е нашите компании, преку директорите и другите управувачки тела, да воспостават ESG структура, која ќе обезбеди редовно известување за теми релевантни за деловното работење, овозможувајќи попрецизна анализа, подобро планирање и поефикасно донесување одлуки. Овој пристап ќе доведе до подетални, сеопфатни и прецизни извештаи , создавајќи цврста основа за профитабилни и одржливи деловни практики.

---

КОРПОРАТИВНА СТРУКТУРА НА УПРАВУВАЊЕ НАСОЧЕНА КОН РАСТ

Во секоја организација, а особено во компаниите што функционираат на пазарни принципи, менаџерските вештини, способности, и особено корпоративната култура на управување се срцта на секоја организација.Опстанокот, растот и развојот на компаниите се директно поврзани со ефикасноста на нивните раководни структури. Преку своите вештини и организациски знаења, менаџментот ги насочува вработените кон остварување на поставените деловни цели. Развивме деловна стратегија која вклучува континуиран раст и одржлив развој, овозможувајќи му на секој вработен индивидуално да се надградува и да го реализира својот потенцијал додека придонесува кон остварување на целите на компанијата. Имаме јасно дефинирана стратегија за управување со ESG, преку која создаваме и спроведуваме одржливи деловни практики. Иако не сме многу диверзифицирани, нашата главна дејност - транспорт и штедиција – е регионално позиционирана со тенденција за понатамошно проширување на пазарот.



Управувачката структура е обликувана и произлегува од деловните процеси. Имајќи предвид дека бизнис процесите се едноставни по структура и не се разгранети во многу правци, истото се однесува и на структурата на менаџментот. Таа ги води деловните процеси, ги насочува во посакуваната насока и ги доведува до планираната цел. Оваа цел е воспоставена и реализирана преку создавање на одржлив развој, кој постепено се постигнува преку профитабилни деловни практики, истовремено заштитувајќи ја и одржувајќи ја животната средина на ниво кое обезбедува подобри услови за живот за населението и вработените во нашите компании. Овој тип на работење бара постојан надзор на оперативните активности. Тоа вклучува оперативни процеси кои се усогласени со локалните и меѓународните регулативи, правила и стандарди.Преку своето искуство, знаење, бизнис вештини и акумулирано искуство, управувачките структури ги водат деловните пороцеси и ги мотивираат вработените да преземаат конкретни активности .Управувачките структури создаваат деловна култура каде секој

вработен има конкретни должности и одговорности во насока на подобрување на деловните процеси и остварување на поставените цели. Од нив се очекува да делуваат и да преземаат чекори во рамките на стекнатото знаење и деловните вештини. Ваквите акции водат до постигнување на поставените цели, вклучувајќи го и подобрувањето на положбата на вработените.

## УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА НА НАШИТЕ КОМПАНИИ

Нашите компании не се големи бизнис системи, туку функционираат како помали компании кои успешно ги извршуваат задачите поврзани со нивните основни деловни активности. Поради ова, , применуваме едностепен систем на управување, каде што директорот на компанијата ги носи одлуките и е главен организатор на деловното работење. Во ваква структура, нема потреба од одбори на директори, надзорни одбори или други органи на управување. Контролата и надзорот врз деловното работење и одлучување од страна на директорот како управен орган, до одреден степен ги спроведуваат сопствениците на компанијата и вработените. Сопственикот на компанијата е директно заинтересиран за профитабилноста и успехот на бизнисот, согласно дефинираните политики, цели и стратегии. Поради тоа, тој врши непосредна контрола врз процесите на одлучување и управување. Оваа контрола е транспарентна и постојана. Доколку поради било која причина тој не може не може, или не е квалификуван за надзор врз работата на директорот, се ангажираат надворешни соработници, стручни за вакви задачи.Покрај тоа, се спроведуваат редовни и вонредни ревизии како допонителна проверка на деловните процеси. Внатрешната контрола врз управувањето индиректно ја спроведуваат вработените, преку професионално, стручно и посветено извршување на нивните обврски и задачи. Доколку забележат недоследности или проблеми предизвикани од несоодветни одлуки на менаџментот, тие ги информираат своите претпоставени и предлагаат проверка на донесените одлуки и деловните процеси. Директорот ги извршува раководните задачи и носи одлуки во согласност со законските овластувања што му се доделени, како и со општите и посебните акти на компанијата. Неговата работа е под надзор и е ограничена со законски одредби. Доколку неговото работење не е во согласност со успешното функционирање на компанијата, се преземаат соодветни мерки за одговорност и понатамошен ангажман.

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Покрај управувањето со организациската структура на бизнисот како доминантна менаџерска активност, управувањето со ризици е втор најважен аспект на одржливоста на бизнисот. Во нашата компанија, процесот на управување со ризик е структуриран на начин што обезбедува организациска, оперативна и финансиска стабилност. Нашата политика за управување со ризик се заснова на јасно дефинирани одговорности за исполнување на деловните цели.Управувањето со ризици вклучува идентификување на ризиците,нивна проценка,дефинирање на границите на ризик, како и следење, контролирање, ограничување на ризичните рамки и, на крај,

известување за релевантните ризици. Контролата на ризиците ја врши управувачката структура која има јасно дефинирани овластувања и одговорности за управување на процесите.Процедурите и методите за управување со ризиците се засноваат на неколку клучни принципи:

- Утврдување и дефинирање на ризиците;
- Транспарентност во управувањето со ризиците
- Прецизно дефиниран и развиен систем за мерење и контрола на управувањето со ризикот.

Управувањето со ризик е насочено на неколку категории на ризици, вклучувајќи: финансиски ризици, оперативни ризици поврзани со персоналот, пазарни ризици и еколошки ризици. Клучна карактеристика е балансиран пристап кон преземањето ризик. Ова значи дека активностите за негово управување се спроведуваат врз основа на приоритетите во управувањето со ризик.

---

## АНТИКОРУПЦИСКА СТРАТЕГИЈА И АКЦИИ

Управувањето со компании кои можат да се класифицираат како успешно управувани вклучува развој и спроведување на антикорупциска стратегија.Нашите компании имаат антикорупциска програма, која се спроведува континуирано и доследно. Деловните активности на нашите компании се усогласени со важечките прописи во оваа област. Управните тела, преку системот за управување со ризик, имаат утврдено и спроведуваат антикоруптивно однесување. Ова однесување произлегува од ррелевантните законски регулативи и делумно од Кодексот на етика. Целта на кодексот е да ги предвиди ризичните ситуации со цел да се спречат ризиците и да се елиминира можноста за корупција. Вработените добиваат обука за тоа како да избегнуваат коруптивни ситуации и активности. Тие се обучени да не прифаќаат привремени материјални придобивки кои произлегуваат од неморално и незаконско однесување. Коруптивното однесување на долг рок создава лични проблеми и предизвикува последици за компанијата. Вработените имаат законска и морална обврска да се воздржуваат од коруптивни активности и да избегнуваат судир на интереси додека работат во нашите компании. Доколку се појави судир на интереси, вработените се должни веднаш да го пријават до управувачките тела. Дејствијата спротивни на оваа обврска претставуваат повреда на работните должности. Таквите дејствија се сметаат за коруптивни и недозволени, за кои се предвидени санкции.



## ЕТИЧКИ КОДЕКС

**Етичкиот кодекс** е клучен и незаменлив дел од работењето на нашите компании. Неговото почитување е основен предуслов за успешна организација и добри колегијални односи. Во нашите компании, Кодексот на етика е формулиран и се спроведува според практиките на другите успешни компании. Во деловната заедница, неговата важност станува сè понагласена, со зголемени обврски за негово доследно почитување. Деловната

етика се истакнува како суштински фактор, кој, заедно со организацијата и интегритетот игра важна улога во градењето на успешен бизнис. Етичкиот кодекс ги опфаќа правилата и упатствата што вработените мора да ги следат при извршување на секојдневните задачи. Овој кодекс претставува основа и вообичаена правна рамка за прифатливо, рационално и професионално однесување за секој вработен. Исто така, ги дефинира и границите на овластувањата во извршувањето на работните обврски, одредувајќи ниво на толеранција при пречекорување на работните задачи и правилата за дисциплина.

ОДГОВОРНОСТ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА РАБОТНИТЕ ОБВРСКИ

Секојдневните деловни активности вклучуваат не само овластувања, туку и бројни одговорности. Тие се засноваат на законски прописи, интерни акти на компанијата и етички кодекси кои мора да бидат координирани и усогласени. Правилата и прописите, било да се во писмена или усмена форма воспоставуваат обврзувачки насоки во работењето. Усвоените прописи, процедури и одлуки ги регулираат стандардите на однесување во сите ситуации поврзани со деловното работење, вклучувајќи и случаи на прекршување на правилата. Како неприфатливо однесување се смета каков било облик на дискриминација, малтретирање и корупција. Вработените се охрабруваат да се придржуваат до овие принципи, истовремено зачувувајќи го својот личен интегритет.

ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СПОРЕД ESG ПРИНЦИПИТЕ

Современите предизвици, како што се климатските промени се директна последица на негативното влијание на човекот врз животната средина. Ова се должи на неодговорното однесување кон природата и нејзините ресурси. Таквата штета е загрижувачка, бидејќи честите неповолни временски појави стануваат вообичаена последица од човековите активности.Оваа ситуација доведе до промени во животниот стил и значителни корекции во деловните практики, со фокус на воспоставување регулативи за заштита на животната средина. Овие регулативи ги дефинираат обврските на деловните субјекти во рамки на управувањето и ја истакнуваат важноста на еколошките активности




Фокусот е на создавање управувачки структури свесни за еколошките прашања, интегрирајќи одржливи деловни практики што обезбедуваат зачувување на животната средина, истовремено стремејќи се кон профит. Нашите компании проактивно работат на едукација и обука на менаџментот за одржливо деловно работење. Одржливиот бизнис е нужно условен од постоењето на управувачки структури кои се еколошки свесни, истовремено едуцирани, обучени и способни да донесуваат одлуки во насока на

зачувување на животната средина. Раководството мора да биде информирано и подготвено за одржливите деловни практики. Во нашите компании, навремено се преземени активности за едукација и обука на управните органи во оваа насока.

---

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ ОДРЖЛИВА УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

Раководните тела во нашите компании се пример за одржлива управувачка структура бидејќи имаат воспоставено одржливи деловни практики. Ова е постигнато преку интегрирање на ESG практиките (Environmental, Social, and Governance), бидејќи нашето работење е организирано на начин што обезбедува заштита на животната средина во секоја фаза од деловната активност. Социјалните односи во компаниите се во согласност со принципите на одржлив развој, а раководството ги применува највисоките стандарди на одржливо работење. Интеграцијата на овие три фактори доведе до подобрување на деловните перформанси, придружено со еколошки иновации. Овие иновации првенствено се манифестираат преку набавка на еколошки возила кои се поекономични во потрошувачката на гориво и поефикасни во однос на трошоците. Дополнително, нашите компании стануваат поотпорни на ризиците во бизнисот преку воведување на одржливи деловни практики, кои овозможуваат поголема енергетска независност, особено со нашиот план за изградба на соларни централи како извор на електрична енергија. Како резултат на овие напори, веќе сме препознатливи како доверливи и одговорни деловни субјекти, а оваа репутација ќе ја зајакнеме уште повеќе преку промовирање на нашите одржливи и еколошки деловни практики.

---

## ESG СТРАТЕГИИ И МЕНАЏМЕНТ

ESG извештаите во нашиот случај, се резултат на организирани, добро воспоставени ESG практики за управување и лидерство во согласност со релевантните регулативи и позитивни практики.




Изготвувањето и објавувањето на ESG извештајот не претставува цел сама по себе, туку е резултат на спроведувањето на стратегија за одржлив развој и нејзина успешна реализација. Ова известување е транспарентно, се темели на постоечката документација и информации, како и на лесно проверливи податоци. Како одговорни компании кои имаат лидерски позиции во клучните области на бизнисот, целиме да влијаеме на други компании да прифатат одржливи деловни практики, да развијат ESG стратегии и да известуваат за своето одржливо работење.Нашите компании ја препознаа потребата од усвојување,дефинирање и строго спроведување на ESG стратегијата.На почетокот на оваа година, беа поставени темелите и рамките на овие стратегии со одлуката за доследно следење на принципите на одржливо работење.. Нашата развојна стратегија ги интегрира ESG принципите,со силно позитивно влијание врз

заштитата на животната средина, грижата за заедницата, вработените и нивните семејства. Сето ова е поддржано од раководните тела кои се едуцирани и способни да ја унапредат деловната организација во доменот на одржливите деловни практики.

---

## ОДРЖЛИВО БИЗНИС ИЗВЕСТУВАЊЕ – ESG ИЗВЕСТУВАЊЕ

Известувањето за одржливи деловни практики постепено се воспоставува преку регулативите за нефинансиско известување. Следен чекор во овој процес е ESG известувањето кое ги информира деловните партнери, како и пошироката јавност за одржливото работење на компаниите. Преку овие извештаи, нивната подготовка и објавување државните институции, деловните партнери и сите заинтересирани правни или физички лица добиваат увид во тоа кои компании работат одржливо и до кој степен. Покрај тоа, тие можат подетално да се запознаат со организацијата, начинот на функционирање на компаниите, постигнатите цели и резултати доколку имаат деловен или друг интерес за тоа. Пред изготвувањето на овој извештај, како почетен - нулта ESG извештај, беше изработен и нефинансиски извештај. Ова известување претставува значаен чекор напред и усогласување со европските регулативи и стандарди. ESG известувањето е несомнено многу подетално и посеопфатно, опфаќајќи ги деловните операции, постигнатите резултати, плановите и идните проекции. Објавувањето на овој извештај означува дополнителен чекор кон прифаќање и конкретна реализација на одржливи и профитабилни деловни практики. Нашето работење отсекогаш било во согласност со регулативите и стандардите релевантни за секторите во кои оперираме. Сето ова го правиме транспарентно, во корист на компаниитете, вработените и заедницата во која работиме и живееме. Сега преземаме дополнителни чекори и активности за да осигуриме дека нашето работење истовремено придонесува и за заштита на животната средина. Преку нашите деловни докажуваме дека е можно да се работи успешно ,а притоа да се води грижа за животната средина.

## ЗАКЛУЧОК

Секогаш точни, секогаш први, тука сме за вас, нашите клиенти, без разлика на временските услови или предизвиците што можат да се појават. Барањата на клиентите, како и тешките времиња се само можности за нас. Во вакви услови не само што наоѓаме, туку и создаваме нови патишта, врски и можности. Токму во предизвикувачки ситуации се издвојуваат оние кои се способни и храбри од оние кои не се и никогаш нема да станат. Во вообичаени околности, работите функционираат според воспоставени обрасци и јасни правила. Но, без разлика дали времињата се мирни или сложени, ние сме сме на патиштата, во воздухот, на водата и на железничките линии. Предизвиците се само пречки што ги совладуваме,

испорачувајќи ги вашите пратки и транспортирајќи стоки. Работиме и опстојуваме во  сите услови, прилагодувајќи се на секоја ситуација, бидејќи имаме визија и јасни цели– одржлив развој. Водиме одржлив бизнис постигнувајќи ги нашите цели, притоа почитувајќи ги вашите барања. Нашата визија, веќе преточена во пракса, е успешен и профитабилен бизнис кој обезбедува квалитетен живот за нас, за нашите вработени и нивните семејства, а во исто време придонесува за заедницата и заштитата на животната средина. Се грижиме за себе грижејќи се за природата што не опкружува. Растеме создавајќи одржлива иднина. Логистиката не е само наша работа – таа е и наша страст.



**Референци:**

ПРЕГЛЕД НА ESRS СТАНДАРДИТЕ

ЕКОЛОШКИ СТАНДАРДИ

• ESRS E1 – Климатски промени

Компаниите се обврзани да објавуваат информации за мерките за ублажување и адаптација во однос на климатските промени, вклучувајќи извештаи за емисиите на стакленички гасови и планови за транзиција.

• ESRS E2 – Загадување

Налага обврска за известување за емисиите во воздухот, водата и почвата, како и за употребата на опасни и штетни супстанции.

• ESRS E3 – Водни и морски ресурси

Се фокусира на потрошувачката на вода и активностите со значајни влијанија врз морските екосистеми.

• ESRS E4 – Биодиверзитет и екосистеми

Налага обелоденување информации за користењето на земјиштето и природните ресурси, како и за влијанието на активностите во синџирот на вредности врз рамнотежата на екосистемите.

• ESRS E5 – Циркуларна економија

Компаниите треба да обезбедат податоци за активнстите кои придонесуваат за циркуларна економија**,** вклучувајќи стратегии за дизајн, планови за намалување на потрошувачката на необновливи и сурови материјали, користење на ресурси и управување со отпад.

СОЦИЈАЛНИ СТАНДАРДИ

Социјалните стандарди се однесуваат на прашањата поврзани со работната сила, трудот во синџирот на снабдување, локалните заедници и потрошувачите/крајните корисници.

ESRS S1 – Сопствена работна сила

Вклучува информации за управување со човечките ресурси, условите за работа, здравјето и безбедноста, бенефициите, балансот помеѓу работата и приватниот живот, различноста, професионалниот развој и други релевантни теми.

ESRS S2 – Работната сила во синџирот на вредности

Овие стандарди бараат објавување информации за влијанието врз вработените во синџирот на вредност и мерките за намалување на негативните влијанија врз човековите права.

ESRS S3 –Влијание врз заедниците

Се фокусира на влијанието врз локалните заедници, нивните права, како и на активностите насочени кон зголемување на нивниот квалитет на живот и намалување на штетата врз локалното население.

ESRS S4 – Потрошувачи и крајни корисници

Компаниите треба да објавуваат информации за влијанието на нивните производи и услуги врз потрошувачите и корисниците.

СТАНДАРДИ НА УПРАВУВАЊЕ

Стандардите за управување првенствено се однесуваат на:

ESRS G1 – Деловно однесување

Компаниите се обврзани да објавуваат податоци за корпоративната култура, деловните политики, односите со добавувачите и мерките за спречување на корупција.

Меѓусекторски стандарди и тематски стандарди

Според Делегираниот акт од 31 јули 2023 година,постојат вкупно 12 ESRS (Европски стандарди за известување за одржливост):

•.Меѓусекторски стандарди: ESRS 1 и ESRS 2 се применуваат универзално, без оглед на исходот од проценката на двојната материјалност.

| STANDARDS | CALL FOR REPORTING | FOR ALL COMPANIES | FOR COMPANIES AND GROUPS UNDER 750 EMPLOYEES | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 1st year | 2nd year |
| ESRS E1-E5 | Anticipated financial effects | May be omitted in the 1st year<br><br>Years 1 to 3: Only qualitative information may be reported* | | |
| ESRS E1 | Data points related to Scope 3 and overall GHG emissions | | May be omitted | |
| ESRS 4 | Disclosure requirements | | May be omitted** | May be omitted** |
| ESRS S1 | Data points and Disclosure requirements | May be omitted in the 1st year | | |
| ESRS S1 | Disclosure requirements | | May be omitted** | |
| ESRS S2-S4 | Disclosure requirements | | May be omitted** | May be omitted** |

**With limited exceptions, preparing quantitative reports for E1 is practically unfeasible.*

***Sustainability factors covered by ESRS must be included in a materiality evaluation. A brief description of policies, activities,*

• Тематски стандарди: Ги покриваат областите на животна средина (E1–E5), социјалните прашања (S1–S4) и управувањето (G1) и се предмет на проценки на нивната материјалност.

БАРАЊА ЗА ОТКРИВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ Според 12-те ESRS стандарди, компаниите се об

врзани да обезбедат податоци за:

1. Менаџментот, бизнис моделот и стратегијата.

2. Управувањето со влијанијата, ризиците и можностите (политики и активности).

3. Квантитативните показатели и цели.

ПРЕОДЕН ПЕРИОД

За време на транзицискиот период, одредени барања за објавување информации може да бидат изоставени.Детален преглед на овие отстапки е даден во придружната табела.

Делегиран акт на Европската комисија (ЕУ) 2023/2772




www.translog.mk
TRANSLOG
TRANSPORT & LOGISTIX
logistics with passion